


Живееме и работиме во дигитално време, каде секоја информација се пренесува преку cyber просторот. Еден од најголемите предизвици на модерното време, е чување и обезбедување на информациите и личните податоци на клиентите.

Доколку си проактивен, аналитичен, креативен и сакаш да бидеш дел од тимот на Главното одговорно лице за сигурност на информативниот систем (CISO), во рамки на Центарот за усогласување со прописите и интегритет, кој секојдневно се соочува со предизвиците на новите технологии, потенцијалните опасности и активно учествува во унапредувањето на работните процеси со цел да обезбеди информатичка заштита на работењето на Банката и да го подобри квалитетот на услугите за нашите клиенти, ти си вистинскиот кандидат за следново работно место:

# Специјалист за информативна сигурност

**Твоите работни цели:**

- Учество во развивање, имплементација и одржување на сигурносни процеси преку креирање на правила, стандарди и методологии, како начини за развој и одржување на системот за управување со информативната сигурност;
- Учество во деловните процесите на Банката, заради проценка на информативниот ризик со цел да се подобри информативната сигурност;
- Подготвува обуки од областа на сигурност на информативениот систем и cyber безбедност, за поголема свесност на сите вработени од cyber закани;
- Учество во спроведување, планирање и координација на активности поврзани со процесот за анализа на информативен ризик;
- Учество во подготовка и спроведување на политиката за информативна сигурност и предлагање на мерки за нејзина примена и надградба;
- Спроведување на сигурносни контроли со цел преглед на спроведувањето на сигурносните процеси, мерки и процедури;
- Тестирање на сигурноста на информативниот систем со цел проценка на степенот на сигурност и постоење на ризик по информативната сигурност;
- Учество во планирање на стратегијата и архитектурата на системот за информативна сигурност;
- Утврдување на нивото на информативна сигурност на постојните и потенцијалните ИТ услуги од надворешни лица;
- Соработка при ревизиски прегледи во домен на сигурноста на информативниот систем.

**Твојот профил:**

- Универзетско образование (предност ќе имаат кандидатите со образование од областа на информатички технологии и компјутерско инженерство);
- Минимум три години работно искуство во облата на информативна сигурност;
- Предност ќе се смета знаење или искуство од областа на информатичките технологии и работните процеси на Банката;
- Одлично познавање на деловен англиски јазик;
- Високо ниво на проактивност, спремност и интерес за постојана надградба со нови специјалистички знаења од сегментот на информативна сигурност;
- Одлични комуникациски, организациски и аналитички вештини;

**Твој мотив да ни се придружиш:**

- Препознатлив регионален бренд и современо работно опкружување;
- Меѓусебната доверба и грижа за другиот се основни начела во работењето;
- Напредна обука и индивидуален кариерен развој, менторство од врвни банкарски експерти;
- Позитивна организациска култура базирана на флексибилно работно време и слободни денови за различни пригоди;
- Континуирано учество во групациски корпоративни проекти;
- Конкурентен пакет на плата и надоместоци (вклучително приватно здравствено осигурување и трет пензиски фонд).

Потврди го твојот интерес со доставување на кратка биографија (CV) најдоцна до **20.01.2025** на NLBKariera@nlb.mk со назнака за **Специјалист за информативна сигурност**.

Само кандидатите кои ги исполнуваат основните критериуми ќе бидат контактирани за интервју.

NLB Banka